Членови на ООУ и ОСУ

# ажуриран 01.2025 година.

## ЗАКОН ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20)

IX. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И СТРУЧНИ ОРГАНИ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### Орган на управување на основно училиште

**Член 106**

(1) Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор.

(2) Училишниот одбор на основното училиште е составен од **седум члена** и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и **еден претставник од основачот.**

(3) На седниците на училишниот одбор, се покануваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.

(4) Членовите на училишниот одбор не смеат меѓусебно и со директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен за што сите членови потпишуваат изјава.

(5) **Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години**, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.

(6) Училишниот одбор од редот на своите членови - претставници од родителите, односно старателите избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање.

(7) Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(8) Директорот на училиштето не учествува во работата на училишниот одбор, но за работи кои се од значење за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето може да биде поканет од страна на претседателот на училишниот одбор, односно од страна на две третини од членовите на училишниот одбор.

1. **ООУ„Панко Брашнаров“**

| Ред.бр. | Име и презиме | Именуван/а |
|---|---|---|
| 1. | Цветанка Атанасова не започната со активности во УО се вработува во опш. админ. | 25-3542/35 од 17.09.2019 г.<br>Гласник 15/19 |
| | Се именува нов Иван Орељ | 25-3888/8 од 09.10.2019 г.<br>Гласник 17/19 |

| | | |
|---|---|---|
| | Предлог за разрешување на Иван, октомври 2022 | |

2. ООУ „Васил Главинов“

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Се именува<br>Лидија Атанасовска | Совет на Општина Велес<br><br>25-4913/22 од 24.12.2020<br>Гласник 20/20 |
| 2 | Лидија Атанасовска<br>Се разрешува<br><br>Се именува Невенка Милованова | Совет на Општина Велес<br>25-2823/53 од 08.07.2024 г.<br>Гласник 8/24 |
| 3 | Се разрешува Ивана Димовска | Совет на Општина Велес<br>25-2823/54 од 08.07.2024 г.<br>Гласник 8/24 |
| | Се именува Надица Костова | |

3. ООУ „Св Кирил и Методиј“

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Марија Амбаркова<br>Се разрешува<br><br>Се именува Елизабета Славков | Совет на Општина Велес 8/19<br><br>25-4390/25 од 30.09.2022<br>Гласник 15/22 |
| 2. | Се разрешува Елизабета Славков | Совет на Општина Велес<br>25-3041/25 од 04.07.2023 г.<br>Гласник 11/23 |
| 3. | Се именува Невенка Ѓошева | Совет на Општина Велес<br>25-3041/26 од 04.07.2023 г.<br>Гласник 11/23 |

4. ООУ„Рајко Жинзифов“ Долно Оризари

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Хусеин Кицара<br>Се разрешува<br><br>Се именува Мурад Каришиќ | Совет на Општина Велес<br><br>25-4606/13 од 01.12.2020<br>Гласник 18/20 |
| 2. | Се разрешува Мурад Каришиќ | Совет на Општина Велес<br>25-5046/13 од 14.12.2023 г.<br>Гласник 18/23 |
| 3. | Се именува Елзин Лековиќ | Совет на Општина Велес<br>25-5210/13 од 27.12.2023 г.<br>Гласник 19/23 |

5. ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Дуле Митиќ (08.11.2017)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Дуле Митиќ | Совет на Општина Велес 18/17<br><br>25-4913/23 од 24.12.2020<br>Гласник 20/20 |
| 2. | Се разрешува Дуле Митиќ | Совет на Општина Велес<br>25-2554/36 од 29.05.2023 г.<br>Гласник 9/23 |
| 3. | Се именува Даниела Митровска | Совет на Општина Велес<br>25-2554/37 од 29.05.2023 г.<br>Гласник 9/23 |
| 4. | Се разрешува Даниела Митровска | Совет на Општина Велес |

| | | |
|---|---|---|
| | | 25-4529/43 од 18.11.2024 година<br>Гласник 12/24 |
| 5. | Се именува Василка Малинова | Совет на Општина Велес<br>25 –4529/44 од 18.11.2024 година<br>Гласник 12/24 |

**6. ООМУ „Стефан Гајдов“**

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Марија Џунова и Вера Коцева<br>Се разрешуваат<br><br>Се именува Марија Страхилова | Совет на Општина Велес 21/17<br><br>25-4606/14 од 01.12.2020<br>Гласник 18/20 |
| 2. | Се разрешува Марија Страхилова | Совет на Општина Велес<br>25-5210/14 од 27.12.2023 г.<br>Гласник 19/23 |
| 3 | Се именува Надица Костова | Совет на Општина Велес<br>25-5210/15 од 27.12.2023 г.<br>Гласник 19/23 |

**7. ООУ „Блаже Конески“**

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Љубенчо Ристов<br>Се разрешува<br>Се именува Љубенчо Ристов | Совет на Општина Велес 7/18<br><br>Совет на Општина Велес 8/21 |
| 2. | Љубенчо Ристов<br>Се разрешува<br><br>Се именува Сениха Брзева | Совет на Општина Велес 8/21<br><br>25-4804/12 од 16.12.2021год<br>Гласник 20/21 |
| 3. | Се разрешува (престанок на мандат)<br>Сениха Брзева | Совет на Општина Велес<br><br>25-841/29 од 29.01.2025 година<br>Гласник 2/25 |
| 4. | Се именува<br>Ама Милевска Ѓоргиева | Совет на Општина Велес<br><br>25-841/30 од 29.01.2025 година<br>Гласник 2/25 |

**7. ООУ „Лирија“-с. Бузалково**

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Се разрешува Фета Јакупи | Совет на Општина Велес<br>25-4676/32 од 15.11.2023 г.<br>Гласник 16/23 |
| | Се именува Хазис Џемаили | Совет на Општина Велес 8/21<br>25-4676/33 од 15.11.2023 г.<br>Гласник 16/23 |

## ЗАКОН ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20)

## IX. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

### Член 88

Орган на управување во јавното средно училиште е училишниот одбор.

Училишниот одбор во јавното средно училиште е составен **од 12 члена**, и тоа: четири претставника од наставниците, три претставника од родителите, односно старателите на учениците, **три претставника од основачот** и по еден претставник од Министерството и од деловната заедница.

Претставникот од деловната заедница учествува во работата на училишниот одбор, но нема право на учество при гласањето и донесувањето на одлуките.

Претставниците од родителите, односно старателите на учениците, од основачот и од Министерството не можат да бидат именувани, односно избирани од редот на вработените во училиштето.

Претставниците на основачот за државните средни училишта ги именува и разрешува Владата на Република Македонија, а за општинските и училиштата на Градот Скопје, **советот на општината**, односно Советот на Градот Скопје.

Претставниците од родителите, односно старателите на учениците ги именува и разрешува советот на родителите, претставниците на наставниците ги именува и разрешува наставничкиот совет на училиштето, претставниците на Министерството ги именува и разрешува министерот, а претставниците на деловната заедница ги предлагаат коморите во Република Македонија.

Членовите на одборот освен претставниците од родителите на учениците **се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор.**

1. **ССОУ „Коле Неделковски“**

| Ред.бр. | Име и презиме | Именување |
|---|---|---|
| 1. | Елеонора Игновска<br>Се разрешува<br>Се именува Тања Танева | Совет на Општина Велес 8/19<br><br>25-1975/13 од 16.05.2019<br>Гласник 8/19 |
| 2. | Ружица Петрушевска Николовска<br>Се разрешува<br><br>Се именува Елена Најдовска | Совет на Општина Велес ----/19<br><br>25-4804/9 од 16.12.2021<br>Гласник 20/21 |
| 3. | Се разрешува Тања Танева Оцедова | Совет на Општина Велес |

| | | |
|---|---|---|
| | | 25-2554/34 од 29.05.2023 г.<br>Гласник 9/23 |
| 4. | Се именува Милан Ристов | Совет на Општина Велес<br>25-2554/35 од 29.05.2023 г.<br>Гласник 9/23 |

**2. ССОУ „Димитрија Чуповски“**

| Ред.бр. | Име и презиме | Именување |
|---|---|---|
| 1. | Се разрешуваат:<br>Ирена Арсова<br>Мирјана Пановска | Совет на Општина Велес<br><br>25-3542/28 од 17.09.2019 год.<br>Гласник 15/19 |
| 2. | Се именуваат:<br>Ристе Штипјанов<br>Весна Џајкова | Совет на Општина Велес<br><br>25-3542/28 од 17.09.2019 год.<br>Гласник 15/19 |
| 3. | Се разрешува<br>Даниела Митровска<br><br>Се именува<br>Весна Јовевска | Совет на Општина Велес<br><br>25-4913/21 од 24.12.2020<br>Гласник 20/20 |
| 4. | Се разрешува<br>Ристе Штипјанов | Совет на Општина Велес<br>25-4222/8 од 13.10.2023 г.<br>Гласник 14/23 |
| 5. | Се именува<br>Билјана Коцобашиева | Совет на Општина Велес<br>25-4647/31 од 15.11.2023 г.<br>Гласник 16/23 |
| 6. | Престанок на мандат<br>на Весна Јовевска | Совет на Општина Велес<br>25-5208/15 од 27.12.2024 г.<br>Гласник 15/24 |
| 7. | Се именува<br>Драган Стевановски | Совет на Општина Велес<br>25-5208/16 од 27.12.2024 г.<br>Гласник 15/24 |

**3. ОСУ „Гимназија Кочо Рацин“**

| Ред.бр. | Име и презиме | Именување |
|---|---|---|
| 1. | Се разрешуваат<br>Елизабета Митревска Анѓелеска<br>Меги Василевска<br>Филип Витанов | Совет на Општина Велес<br>25-4673/16<br>Гласник 18/17 |
| 2. | Се именуваат<br>Касан Касамовски<br>Филип Зафиров<br>Гоце Алексовски | Совет на Општина Велес<br>25- 4673/16<br>Гласник 18/17 |
| 3. | Се разрешува<br>Филип Зафиров<br><br>Се именува<br>Анита Цветковска | Совет на Општина Велес 8/19<br><br>25-1975/12 од 16.05.2019<br>Гласник 8/19 |
| 4. | Се разрешува<br>Касан Касамовски<br><br>Се именува<br>Верица Анѓушева | Совет на Општина Велес 18/17<br><br>25-4804/10 од 16.12.2021<br>Гласник 20/21 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Се разрешува<br>Анита Цветковска | Совет на Општина Велес<br><br>25-2554/39 од 29.05.2023<br>Гласник 9/23 |
| 4. | Се именува<br>Горан Крстиќ | Совет на Општина Велес<br><br>25-2554/39 од 29.05.2023<br>Гласник 9/23 |

**4. ОСУ „Јовче Тесличков“**

| Ред.бр. | Име и презиме (до кога им е мандатот) | Именување |
|---|---|---|
| 1. | Петранка Николова (10.07.2018) | Совет на Општина Велес 11/18 |
| 2. | Роза Стојкова(10.07.2018) | Совет на Општина Велес 11/18 |
| 3. | Љупка Костова<br>предлог за разрешување на сите 3 члена во септември 2022<br>со мислење до Антикорупција за број на гласови 20 седница 13.09.2022 | Совет на Општина Велес 11/18 |

**ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

**ЗАКОН ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 89/22)
4. Органи на јавното претпријатие

**Член 16**

Органи на јавното претпријатие се: управниот одбор, надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење и директорот.

**Член 17**

Управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, градот Скопје, општината во која живеат над 50.000 жители, како и управниот одбор на меѓуопштинско јавно претпријатие се состои од седум членови.
**Управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината во која живеат до 50.000 жители се состои од пет членови.**
Членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.
За член на управниот одбор на јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува **следниве услови:**
- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:
- два члена на управниот одбор треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика,
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење,
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на јавното претпријатие изнесува **четири години, со право на уште еден последователен мандат.**

**Член 17-а**

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, **три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови**, на предлог на генералниот секретар, Владата на Република Северна Македонија распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, на својата веб-страница и на веб-страницата на јавното претријатие за кое е распишан јавниот повик.

**За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и градот Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, Советот на општината односно Советот на градот Скопје распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, на својата веб-страница и на веб-страницата на јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик.**

1. **ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи"**

Управен одбор

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Зоран Синадиновски<br>Се разрешува<br><br>Се именува Снежана Балова | Совет на Општина Велес-<br>(16.05.2019)<br><br>25-1975/15 од 16.05.2022<br>Гласник 8/19 |
| 2. | Петре Маџаров(12.06.2018)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Мартин Ефремов | Совет на Општина Велес 9/18<br><br>25-2933/25 од 17.06.2022<br>Гласник 10/22 |
| 3. | Александар Домазетов (26.04.2018)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Жарко Манасков | Совет на Општина Велес 9/18<br><br>25-2933/25 од 17.06.2022<br>Гласник 10/22 |
| 4. | Елена Хаџи Арсова(12.06.2018)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Сафит Јакупи | Совет на Општина Велес 9/18<br><br>25-2933/25 од 17.06.2022<br>Гласник 10/22 |
| 5. | Златко Костовски, Душко Ќумбев и Димче Климкаров се разрешуваат<br><br>Се именува Надица Габерова<br><br>Предлог за разрешување по нејзино барање август 2022 | Совет на Општина Велес -----<br><br>25-4606/15 од 01.12.2020<br>Гласник 18/20 |
| 6. | Се разрешува Надица Габерова | Совет на Општина Велес<br>25-4986/16 од 13.12.2024 г.<br>Службен гласник 14/24 |
| 7. | Се разрешува Снежана Балова | Совет на Општина Велес<br>25-4986/16 од 13.12.2024 г.<br>Службен гласник 14/24 |
| | | |

членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финасиското работење

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Драган Спирковски (12.06.2018)<br>Се разрешува<br><br>Се именува **Љупчо Николовски** | Совет на Општина Велес 09/18<br><br>25-2933/25 од 17.06.2022<br>Гласник 10/22 |
| 2. | Анѓелина Мачавелова<br>Се разрешува | Совет на Општина Велес |

| | | |
|---|---|---|
| | Се именува **Ердал Тафиков** (30.12.2020) | 25-4606/16 од 01.12.2020<br>Гласник 18/20 |
| 3. | Ѓорѓи Мајсторов<br>Се разрешува<br><br>Се именува **Драгана Николова** | Совет на Општина Велес<br><br>25-4606/16 од 01.12.2020<br>Гласник 18/20 |
| 4. | Снежа Петрушевска<br>Се разрешува | Совет на Општина Велес<br><br>25-4986/19 од 13.12.2020<br>Гласник 14/24 |
| 5. | Филип Миланов<br>Се разрешува | Совет на Општина Велес<br><br>25-4986/19 од 13.12.2020<br>Гласник 14/24 |
| 6. | Ердал Тафиков<br>Се разрешува | Совет на Општина Велес<br><br>25-4986/19 од 13.12.2020<br>Гласник 14/24 |
| 7. | Драгана Николова<br>Се разрешува | Совет на Општина Велес<br><br>25-4986/19 од 13.12.2020<br>Гласник 14/24 |

Забелешка: Елена Јаневска-Гиновска и Катерина Граматова се именувани од Советот на Општина Велес како вршители на должност во Надзорниот одбор на ЈКП Парк –Спорт и Паркинзи Велес со решение за назначување на вршители на должност во Надзорниот одбор на ЈКП Дервен со решение 25-4986/20 од 13.12.2024 година.

**НАДЗОРЕН**

**Член 26**

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на јавните претпријатија се формира надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) **составен од три члена.**

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

**Член 26-а**

Во постапката за именување и разрешување на членови во надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од овој закон кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор.

## 2. ЈКП „Дервен“

Управен одбор

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Мартин Јакимовски (29.10.2019)<br><br>Разрешен по итна постапка предлог Кире Гајдов (вработување) | Совет на Општина Велес 18/19<br>25-4211/24 од 20.10.2019<br><br>Број 25-1480/30<br>14.03.2023 година 32 седница |
| 2. | Македонка Василевска (29.10.2019) | Совет на Општина Велес 18/19<br>25-4211/24 од 20.10.2019 |
| 3. | Дарко Димевски (29.10.2019) | Совет на Општина Велес 18/19<br>25-4211/24 од 20.10.2019 |
| 4. | Димитар Влаинов (29.10.2019) | Совет на Општина Велес 18/19<br>25-4211/24 од 20.10.2019 |
| 5. | Александар Јаковлевски (29.10.2019) | Совет на Општина Велес 18/19<br>25-4211/24 од 20.10.2019 |
| 6 | Се разрешуваат:<br>Македонка Василевска<br>Дарко Димевски<br>Димитар Влаинов<br>Александар Јаковлевски | Совет на Општина Велес<br>25-4676/28 од 15.11.2023 г.<br>Гласник 16/23 |
| 7 | Се именуваат:<br>Димче Крстовски<br>Маја Демерџиева<br>Билјана Ангелова-Смилева<br>Александар Каракачанов | Совет на Општина Велес<br>25-4676/29 од 15.11.2023 г.<br>Гласник 16/23 |
| 8. | Се именува Грозданка Наумовска | Совет на Општина Велес<br>25-773/17 од 01.02.2024 г.<br>Гласник 1/24 |
| 9 | Се разрешува Александар Каракачанов<br>Предлог за разрешување по негово барање | Совет на Општина Велес<br>25- 4529/31 од 18.11.2024 година<br>Службен гласник 12/2024 |
| 10 | Се именува Емилија Андовска | Совет на Општина Велес<br>25- 1704/44 од 13.03.2025 година<br>Службен гласник 4/2025 |

членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финасиското работење

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Марјан Габеров<br><br>Се разрешува<br>Се именува<br>**Анета Стефановска Јаневска** | Совет на Општина Велес 14/19<br><br>25-4804/13 од 16.12.2021<br>Гласник 20/21 |
| 2. | Благој Цилаков | Совет на Општина Велес 14/19<br>25-3299/28 од 30.08.2019год. |
| 3. | Стево Кимовски | Совет на Општина Велес 14/19<br>25-3299/28 од 30.08.2019год |
| 4. | Михајло Вчков | Совет на Општина Велес 14/19<br>25-3299/28 од 30.08.2019год |
| 5. | Се разрешуваат:<br>Благој Цилаков<br>Стево Кимовски<br>Михајло Вчков | <br>Совет на Општина Велес<br>25-773/18 од 01.02.2024 г.<br>Гласник 1/24 |
| 6. | Се именуваат: | Совет на Општина Велес |

| | | |
|---|---|---|
| | Елена Панов<br>Жарко Атанасовски | 25-773/19 од 01.02.2024 г.<br>Гласник 1/24 |

Александар Шутев

Забелешка: Елена Панов и Жарко Атанасовски се именувани од Советот на Општина Велес како вршители на должност во Надзорниот одбор на ЈКП Дервен со решение за назначување на вршители на должност во Надзорниот одбор на ЈКП Дервен со решение 25-773/19 од 01.02.2024 година.

**ОСТАНАТИ УСТАНОВИ основани од општина**

**Која го формира УО**

## ЗАКОН ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

(„Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21)

**Управување со локална библиотека**

**Член 13**

(1) Орган на управување на локалната библиотека е управниот одбор.
(2) Управниот одбор го сочинуваат **пет претставници** кои ги именува советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје од кои тројца се претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата и двајца претставници од редот на вработените во библиотеката, стручни и компетентни лица.
(3) Управниот одбор на библиотеката го донесува статутот на библиотеката, ги утврдува политиката и принципите за развој на библиотеката, ја предлага годишната програма за работа на библиотеката, финансискиот план и годишната сметка на библиотеката и врши други работи утврдени со актот за основање и статутот.
(4) Другите прашања поврзани со работата на управниот одбор се регулираат со статутот на библиотеката.

**1.Локална библиотека „Гоце Делчев"**

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Весна Ќамилова (27.11.2018) | библиотека |
| 2. | Гордана Васковска (27.11.2018) | библиотека |
| 3. | Анѓела Анастова (15.11.2018) | Совет на Општина Велес 19/18<br>25-5853/ од 15.11.2018год. |
| 4. | Орхидеја Манаскова(15.11.2018) | Совет на Општина Велес 19/18<br>25-5853/ од 15.11.2018год |
| 5. | Марјана Димовска (15.11.2018) | Совет на Општина Велес 19/18<br>25-5853/ од 15.11.2018год |

## ЗАКОН ЗА МУЗЕИТЕ

(„Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21)

Управување со локален музеј

Член 12

(1) Орган на управување на локален музеј е управниот одбор.
(2) Управниот одбор го сочинуваат **пет претставници** кои ги именува **советот на општините**, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, од кои тројца се претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата и двајца претставници од редот на вработените во музејот, стручни и компетентни лица.
(3) Управниот одбор на музејот го донесува статутот на музејот, ги утврдува политиката и принципите за развој на музејот, ја предлага годишната програма за работа на музејот, финансискиот план и годишната сметка на музејот и врши други работи утврдени со актот за основање и статутот.
(4) Другите прашања поврзани со работата на управниот одбор се регулираат со статутот на музејот.

**2.Локална установа „Народен Музеј"**

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Драган Стојановски (23.02.2018)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Васе Крстиќ | Совет на Општина Велес 3/18<br><br>25-1130/19 од 28.02.2022год.<br>Гласник 2/22 |
| 2. | Богдан Ѓошев (23.02.2018)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Весна Стефановска | Совет на Општина Велес 3/18<br><br>25-1130/19 од 28.02.2022год.<br>Гласник 2/22 |
| 3. | Владимир Смилев (23.02.2018)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Марија Атанасовска | Совет на Општина Велес 3/18<br><br>25-1130/19 од 28.02.2022год.<br>Гласник 2/22 |
| 4. | Елица Николова (23.02.2018)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Елица Николова | Совет на Општина Велес 14/19<br>**Претставник од институцијата**<br><br>25-1130/19 од 28.02.2022год.<br>Гласник 2/22 |
| 5. | Марин Клифов<br>Се разрешува<br><br>Се именува Анита Василкова Мидоска | Совет на Општина Велес<br><br>25-3542/37 од 17.09.2019год.<br>Гласник 15/19 |
| 6. | Се разрешува Анита Василкова Мидоска | Совет на Општина Велес<br>25-3932/4 од 21.09.2023 г.<br>Гласник 13/23 |
| 7. | Се именува Анита Василкова Мидоска | Совет на Општина Велес<br>25-3932/5 од 21.09.2023 г.<br>Гласник 13/23 |

## ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

(„Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22)

## X. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

Орган на управување

## Член 114

(1) Орган на управување во јавна установа за деца е управен одбор.
(2) **Управниот одбор на јавна установа за деца основана од Владата го сочинуваат претставници на основачот на јавната установа за деца, на родителите и на општината и општината во градот Скопје на чие подрачје е седиштето на установата, односно градот Скопје за детското одморалиште.**
(3) Во јавна установа за деца основана од Владата управниот одбор брои седум члена и тоа четири претставници од основачот, еден претставник од јавната установа за деца, еден претставник од родителите на децата и еден претставник од општината и општината во градот Скопје, односно од градот Скопје за детското одморалиште.
(4) Претставниците на основачот ги именува и разрешува Владата на предлог на министерството.
(5) Претставникот на јавната установа за деца основана од Владата го предлага стручниот совет на установата врз основа на стручност и компетентност, а го именува и разрешува основачот по постапка пропишана со статут.
(6) Претставникот на родителите го предлага советот на родителите, а го именува и разрешува основачот.
(7) Претставникот на општината и општината во градот Скопје, односно градот Скопје за детското одморалиште го именува и разрешува советот на општината на чие подрачје установата има седиште и Советот на градот Скопје за детско одморалиште.
(8) **Управниот одбор на општинска детска градинка и општинско детско одморалиште основани од општината е составен од седум члена и тоа тројца претставници од основачот, еден претставник од установата, двајца претставници од родителите на децата и еден претставник од министерството.**
(9) Управниот одбор на општински центар за ран детски развој е составен од три члена и тоа еден претставник од основачот, еден претставник од министерството и еден претставник од родителите на децата.
(10) **Управниот одбор на детска градинка на општината во градот Скопје, основана од општината во градот Скопје е составен од седум члена** и тоа **двајца претставници од основачот**, еден претставник од градот Скопје, еден претставник од установата, двајца претставници од родителите на децата и еден претставник од министерството.
(11) Управниот одбор на центар за ран детски развој основан од општината во градот Скопје, е составен од три члена и тоа еден претставник од основачот, еден претставник од министерството и еден претставник од родителите на децата.
(12) Управниот одбор на детско одморалиште на градот Скопје основано од градот Скопје е составен од седум члена и тоа тројца претставници од основачот, еден претставник од установата, двајца претставници од родителите на децата и еден претставник од министерството.
(13) Претставниците на основачот на јавна детска градинка основана од општината и општината во градот Скопје ги именува и разрешува советот на општината и советот на општината во градот Скопје, а на јавно детско одморалиште основано од општината ги именува и разрешува советот на општината.
(14) Претставниците на основачот на јавно детско одморалиште основано од градот Скопје ги именува и разрешува Советот на градот Скопје.
(15) Претставникот на градот Скопје во управниот одбор од ставот (10) на овој член го предлага Советот на градот Скопје, а го именува и разрешува основачот во согласност со статутот.
(16) Претставникот на установата го предлага стручниот совет на установата, врз основа на стручност и компетентност, а го избира и разрешува основачот по постапка пропишана со статутот на установата.
(17) Претставниците од родителите на децата ги предлага советот на родители, а ги именува и разрешува основачот по постапка пропишана со статутот на установата.
(18) Претставникот на министерството го предлага министерот, а го именува и разрешува основачот.
(19) Претставниците од основачот, градот Скопје, од министерството и од родителите не можат да бидат именувани од редот на вработените во установата.

**3. ОЈУД „Димче Мирчев“**

| Ред.бр. | Име и презиме | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Зага Колодезни (23.02.2018)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Љубинка Тевчева | Совет на Општина Велес 3/18<br><br>25-1130/21 од 28.02.2022год.<br>Гласник 2/22- |
| 2. | Андреј Камилов (23.02.2018)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Мери Перкова | Совет на Општина Велес 3/18<br><br>25-1130/21 од 28.02.2022год.<br>Гласник 2/22 |
| 3. | Оливера Хаџи-Арсова Марковска<br>Се разрешува<br><br>Се именува Ѓурѓица Коцевска | Совет на Општина Велес (29.10.2019)<br><br>25-1980/29 од 13.04.2022<br>Гласник 6/22 |
| 4. | Дејан Ристов<br>Се разрешува<br><br>Се именува Трајче Миланов | **Мин. за труд и соц.политика**<br><br>25-1980/29 од 13.04.2022<br>Гласник 6/22 |
| 5. | Ангелина Ѓошева Тодорова<br>Се разрешува<br><br>Се именува Ангелина Давчевска | Совет на Општина Велес 3/18<br><br>25-506/13 од 01.02.2019<br>Гласник 02/19 |
| 6. | Маја Михова (01.02.2019)<br>Се разрешува<br><br>Се именува Маја Михова | **Детска градинка**<br><br>25-506/13 од 01.02.2019<br>Гласник 02/19 |
| 7. | Моника Дервишова<br>Се разрешува<br><br>Се именува Влатко Димов | **Совет на родители**<br><br>25-4006/17 од 22.10.2020<br>Гласник 14/20 |
| 8. | Се разрешува Ѓурѓица Коцевска | **Совет на родители**<br>25-4864/27 од 28.11.2023 г.<br>Гласник: 17/23 |
| 9. | Се именува Ивана Зафиров | **Совет на родители**<br>25-4068/40 од 18.10.2024 година<br>Гласник: 11/2024 |
| 10. | Се разрешува Маја Михова<br>се именува Македонка Дудевска | **претставник на установата**<br>Решение ИП 1-16-166/3 од 04.05.2023 година од Министерство за труд и социјална политика |
| 11. | Се разрешува Ангелина Давчевска<br>се именува Маја Пасковска | **претставник на основачот**<br>Решение ИП 1-16-166/3 од 04.05.2023 година од Министерство за труд и социјална политика |
| 12. | Се именува Трајче Миланов | **претставник на Министерство за труд и социјална политика**<br>25-1980/29 од 13.04.2022 год. |
| 13. | Се разрешува Трајче Миланов | **претставник на Министерство за труд и социјална политика**<br>25-2823/72 од 08.07.2024 год. |
| 14. | Престанок на мандат (претставник од Совет на родители)<br>Влатко Димов | Совет на родители<br>25-2397/50 од 22.04.2025 година<br>Гласник: 5/2025 |
| 15. | Се именува претставник од Совет на родители)<br><br>Нела Мицев | Совет на родители<br>25-2397/51 од 22.04.2025 година<br>Гласник: 5/2025 |
| 16. | Престанок на мандат (претставник од установата)<br>Македонка Дудевска | 25-2397/52 од 22.04.2025 година<br>(Установа)<br>Гласник: 5/2025 |
| 17. | Се именува (претставник од установата)<br>Тања Ангеловска | 25-2397/53 од 22.04.2025 година<br>(Установа)<br>Гласник: 5/2025 |

| | | |
|---|---|---|
| 18. | Се именува (претставник од Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Рецеп Лимани | 25-2397/54 од 22.04.2025 година Министерство за социјална политика, демографија и млади<br><br>Гласник: 5/2025 |

**ЗАКОН ЗА УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД**

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20 и 302/20)

**IX УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ**

**Член 58**

Орган на управување во јавниот ученички дом е управниот одбор.
Управниот одбор во јавните ученички домови е **составен од седум члена**, и тоа: двајца претставници од воспитувачите и стручните соработници, еден претставник од родителите, односно старателите на учениците, **тројца претставници од основачот** и еден претставник од министерството.
Претставниците од родителите, односно старателите на учениците, од основачот и од министерството не можат да бидат именувани од редот на вработените во јавниот ученички дом.
Претставниците на основачот за државните ученички домови ги именува и разрешува Владата, а за општинските и домовите на градот Скопје, **советот на општината, односно Советот на градот Скопје.**
Претставниците од родителите, односно старателите на учениците ги именува и разрешува советот на родителите, претставниците на воспитувачите и стручните соработници ги именува и разрешува советот на воспитувачите, а претставниците од министерството ги именува и разрешува министерот.
Членовите на управниот одбор, освен претставниците на родителите, односно старателите на учениците се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор.
Претставниците од родителите, односно старателите на учениците се именуваат за период додека престојува ученикот во ученичкиот дом.
Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател.
Одлуките на управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот.

4. **ОУД „Лазар Лазаревски“**

| Ред.бр. | Име и презиме (кога се именувани) | Институција од која го именува |
|---|---|---|
| 1. | Билјана Штипјанова (08.11.2017) и Ирена Кузава се разрешуваат<br><br>Се именуваат **Ѓорѓина Ристовска** и **Марина Радевска** | Совет на Општина Велес 18/17 Гласник 18/21<br><br>25-4447/30 од 23.11.2021год. Гласник 18/21 |
| | Александар Гулевски Се разрешува<br><br>Се именува **Рајна Стојанова** | Совет на Општина Велес 18/17<br><br>25-1130/20 од 28.02.2022год. Гласник 2/22 |
| | Се се 3 члена Ѓорѓина Ристовска, Марина Радевска и Рајна Стојанова | |

**ДРУГИ УСТАНОВИ**

**ЗАКОН ЗА ОТВОРЕНИТЕ ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**
(„Службен весник на Република Македонија" бр. 36/11, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18)

**III. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ОТВОРЕНИТЕ ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

Орган на управување

**Член 6**

(1) Орган на управување на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење е управниот одбор.
(2) **Управниот одбор го сочинуваат пет члена**, и тоа: двајца членови од редот на вработените во отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, **двајца членови кои ги именува основачот на отворениот граѓански универзитет** за доживотно учење и еден член од Министерството за образование и наука.
(3) Претседателот на управниот одбор се именува од редот на членовите на управниот одбор.
(4) Претседателот и членовите на управниот одбор се именуваат со мандат од пет години и може само уште еднаш повторно да бидат именувани.
(5) Одлуките на управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

1. **Отворен граѓански универзитет за доживотно учење**

| Ред.бр. | Име и презиме | Именување |
|---|---|---|
| 1. | Илчо Стојановски | Совет на Општина Велес 15/19 25-3542/24 од 17.09.2019 |
| 2. | Трајче Малинов | Совет на Општина Велес 15/19 25-3542/24 од 17.09.2019 |

**ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА**

(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21 и 99/22)

**3. Управување и раководење со установа за социјална заштита**
**Орган на управување**

**Член 183**

Орган на управување во јавната установа за социјална заштита, е управниот одбор.
Во јавната установа за вон-семејна социјална заштита управниот одбор е составен од пет члена именувани од основачот од кои двајца членови се од редот на стручните работници во установата и еден член е од редот на корисниците, односно нивните застапници/старатели предложен од Советот на корисници и двајца членови се претставници на основачот.

Во **центар за социјална работа управиот одбор го сочинуваат пет члена, од кои еден член вработен во општинската администрација кој врши работи од социјална заштита, предложен од советот на општината на чие подрачје е седиштето на центарот за социјална работа**, еден член е стручен работник од центарот за социјална работа, еден член е од редот на корисниците, односно нивните застапници/старатели предложен од Советот на корисници и двајца членови се претставници на основачот.

Во центарот за социјални услуги основан како установа управниот одбор го сочинуваат три члена, од кои еден член е стручен работник вработен во установата, еден член е од редот на корисниците, односно нивните застапници/старатели предложен од Советот на корисници и еден член е претставник на основачот.

Членовите на управните одбори во установите за социјалната заштита треба да имаат соодветно образование согласно членот 194 од овој закон и најмалку две години работно искуство по дипломирањето.
Членовите на управниот одбор се избираат со мандат во траење од четири години.
Управниот одбор го свикува и со неговата работа раководи претседателот на управниот одбор, кој го избираат членовите на управниот одбор од своите редови.
Управниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.
Во работата на управниот одбор учествува директорот на установата за социјална заштита, без право на одлучување.
Членовите на управниот одбор имаат право на месечен надоместок во висина од 1.000 денари.

**2. УО на ЈУ -Меѓуопштински центар за социјални работи Велес**

| Ред.бр. | Име и презиме | Именување |
|---|---|---|
| 1. | Домазетова Биљана<br>Се разрешува<br><br><br>Се именува Верица Тодоровска Дацева | од СОВ –како преставник на Општина Велес исправка на решение 25-558/28/30.01.2022год Гласник 01/20<br><br>25-4830/16 од 17.12.2019година Гласник 22/19 |

На решение со кое се именува новиот член Верица Т. Дацева, има исправка на решение со бр.25-558/28 од 30.01.2020, со кое се појаснува дека од член не се разрешува Васил Гемишов, туку Билјана Домазатова.

**ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**

**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21 и 150/22)**

**Управен одбор**

**Член 100**

(1) Со јавната здравствена установа управува управен одбор.

(2) Управниот одбор на јавните здравствени установи од специјалистичко- консултативната и болничката здравствена заштита го сочинуваат пет члена, од кои двајца претставници од редот на стручните и компетентни лица во јавната здравствена установа кои ги избира стручниот орган и тројца претставници на основачот.

(3) **Управниот одбор на јавните здравствени установи од примарната здравствена заштита** го сочинуваат **пет члена** од кои тројца претставници на основачот и **двајца претставници од единиците на локалната самоуправа од кои едниот го именува** советот **на општината на чие подрачје е седиштето на јавната здравствена установа**, а другиот од **советот на општината со најголем број жители на подрачјето што го покрива** здравствената **установа, не вклучувајќи ја општината на чие подрачје е седиштето на здравствената** установа **ако таа е со најголем број жители.**

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член двајцата претставници од единиците на локалната самоуправа во јавната здравствена установа што укажува примарна здравствена заштита на подрачјето на градот Скопје ги именува Советот на градот Скопје.

(5) Управниот одбор го донесува статутот на установата, донесува одлука за промена на дејноста и за другите статусни измени (поделба, издвојување, спојување и припојување), го усвојува извештајот за работа, ја донесува програмата за работа и финансискиот план, ја утврдува завршната сметка, донесува општи акти и го следи нивното извршување и врши и други работи утврдени со закон, актот за основање и статутот на јавната здравствена установа.

(6) Одлуката за промена на дејноста и за другите статусни измени (поделба, издвојување, спојување и припојување) од ставот (5) на овој член управниот одбор ја донесува по претходна согласност на основачот.

(7) Начинот на изборот на членовите на управниот одбор, траењето на мандатот и начинот на одлучувањето се уредуваат со статутот на јавната здравствена установа.

(8) При изборот на членовите на управниот одбор се применува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Македонија.

**3. Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес**

| Ред.бр. | Име и презиме | Именување |
|---|---|---|
| 1. | Снежана Бисинова Ефремова<br>Се разрешува<br><br>Се именува Тодор Јаковлевски | Совет на Општина Велес –<br><br>25-1975/16 од 16.05.2019<br>Гласник 8/19 |
| 2. | Тодор Јаковлевски<br>Се разрешува<br><br>Се именува Силвија Богоевска | Совет на Општина Велес 8/19<br><br>25-2933/24 од 17.06.2022год.<br>Гласник 10/22 |

**ЗАКОН ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

(„Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22)

4. Органи на јавното претпријатие

**Член 16**

Органи на јавното претпријатие се: управниот одбор, надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење и директорот.

**Член 17**

Управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, градот Скопје, општината во која живеат над 50.000 жители, како и управниот одбор на меѓуопштинско јавно претпријатие се состои од седум членови.
**Управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината во која живеат до 50.000 жители се состои од пет членови.**
Членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.
За член на управниот одбор на јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува **следниве услови:**

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:
- два члена на управниот одбор треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика,
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење,
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на јавното претпријатие изнесува **четири години, со право на уште еден последователен мандат.**

**Член 17-а**

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, три месеци **пред истекот на мандатот на постојните членови**, на предлог на генералниот секретар, Владата на Република Северна Македонија распишува јавен повик за

пријавување на заинтересирани лица, на својата веб-страница и на веб-страницата на јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик.

**За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и градот Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, Советот на општината односно Советот на градот Скопје распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, на својата веб-страница и на веб-страницата на јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик.**

4. **Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

**Членови на Управниот одбор**

| Ред.бр. | Име и презиме | Именување |
|---|---|---|
| 1. | Се именува Сашко Ташковски | Совет на Општина Велес<br>25-3377/13 од 30.08.2024 г.<br>Гласник 9/24 |

**НАДЗОРЕН**

**Член 26**

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на јавните претпријатија се формира надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) **составен од три члена.**
За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

**Член 26-а**

Во постапката за именување и разрешување на членови во надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од овој закон кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор.

Членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење

| Ред.бр. | Име и презиме | Именување |
|---|---|---|
| 1. | Се именува Сашка Чонева Симсарова | Совет на Општина Велес<br><br>25-3377/14 од 30.08.2024 г.<br>Гласник 9/24 |